promoting law & justice
- European lawyers
CCBE
pour le droit & la justice
- Les avocats européens

[SAVE THE DATE]

CCBE CONFERENCE
INNOVATION & FUTURE OF THE LEGAL PROFESSION

FRIDAY 21 OCTOBER 2016
PARIS - FRANCE

COUNCIL OF BARS & LAW SOCIETIES OF EUROPE
RUE JOSEPH II, 40/8 - 1000 BRUXELLES
event@ccbe.eu- www.ccbe.eu
FOLLOW US ON




# CCBE*Info*

*Број 50*
*Март 2016*


Урednички коментар: Мадрид... Лондон... Париз... Брисел... – Иднината на правдата – Меморандум за разбирање помеѓу CCBE и Иницијативата за владеење на правото на Американската адвокатска комора (ABA ROLI) – Интигам Алиев пуштен на слобода – Европски ден на адвокатурата – Проект на месецот на Европската адвокатска фондација: Украина – Процесни заштитни мерки во кривичните постапки – Консултации во врска со легитимацијата на CCBE – Генерален конгрес на Федерацијата на европски адвокатски комори (FBE) во Стразбур – Состанок на постојаната Комисија на CCBE во март – Рамнотежа помеѓу приватниот и професионалниот живот: тема за истражување за 7 европски адвокатски комори и правнички здруженија

## УРЕДНИЧКИ КОМЕНТАР: МАДРИД... ЛОНДОН... ПАРИЗ... БРИСЕЛ...

На ниту еден начин не може да се оправдаат терористичките убиства во овие главни градови и на сите други места, каде од истите причини, своите животи ги загубија невини луѓе. Тие се обидуваат да нè преплашат, да нè спречат да живееме и патуваме и како демократски држави, да не натераат да преземаме мерки што се спротивни на нашите вредности.

Нашиот одговор мора во целост да се соочи и да го адресира ова прашање. Мора да му дадеме име на нашиот непријател и да се бориме против него.

Во секој случај, ништо не може да го оправда поистоветувањето на бегалците со тероризмот или пак срамната спогодба помеѓу Европската унија и Турција, со која бегалците се третираат како стокови производи наменети за размена. Европа е изградена врз хуманистички вредности. Сепак, со оваа спогодба се предвидува, вон нашите граници, да се создаде еден огромен бегалски камп, под контрола на чувар кој го игнорира и презира владеењето на правото, ја загрозува слободата на медиумите, кривично ги гони и се обидува да ги осуди адвокатите и бара шанса за заработка и почитување преку ваквата спогодба.

Слично на ова, со ништо не може да се оправда преминот од владеењето на правото кон една безбедносна состојба во која законодавството, усвоено во вонредна и нужна состојба, дефинитивно ќе донесе ограничување на основните слободи на граѓаните и другите лица однадвор. Ваквата безбедносна состојба може да се одржи само доколку истата се потхранува со терор и таа дефинитивно ќе ги загрози нашите права и слободи.

Адвокатите не смеат да останат рамнодушни во однос на ваквата ситуација. Тие не смеат да ја игнорираат примената на правила што се спротивни на основните вредности на Европа и темелите на владеењето на правото. Потребно е постојано внимание и будност.

Адвокатите не смеат да се преправаат дека не ја гледаат ситуацијата во која се наоѓаат бегалците во Грција и на Балканот. Токму затоа, нашето присуство е потребно на клучните точки и локации каде се врши регистрацијата и распределбата на бегалците (без соодветен пристап до правда, можност на жалба или соодветна почит за личните права). Советот на европските адвокатски комори и правнички здруженија ги повикува сите адвокатски комори и здруженија од цела Европа, да дадат свој придонес кон овој проект, праќајќи ги своите адвокати на Лезбос на една година, во својство на набљудувачи, да помагаат во обезбедувањето на неопходните документи и да нудат правна помош за бегалците и мигрантите, со поддршка од страна на грчката Адвокатска комора, која веќе одамна активно е вклучена во овој процес.

Писмо од Претседателот на CCBE во врска со Проектот – **Европски адвокати на Лезбос**

Мишел Беничоу, Претседател на CCBE

## ИДНИНАТА НА ПРАВДАТА

После долги векови примена на речиси истиот кривично правен систем, се чини дека сега сме блиску до некои критични измени. Најрадикалната помена е во тоа што системот сега ќе треба да ги задоволи потребите на граѓаните, а не потребите на самиот систем и стручните лица присутни во рамките на истиот (судии, адвокати).

Постојат многу фактори што придонесуваат кон ваквите промени, но, во основа, новата технологија е причината за најголемите промени на тековниот систем и континуираните дополнувања на истиот со нешто ново, секојпат како реакција на потребите на луѓето. Информационата технологија не ги менува само материјалите што се во употреба (хартијата наскоро воопшто нема да се користи во текот на судските постапки). Таа ја менува и самата постапка. Таканаречената електронска правда не значи само поднесоци во електронски формат или системи за онлајн решавање на спорови кај трети лица и големите организации. Во Европската унија веќе постојат судови каде граѓаните имаат директен електронски пристап до правдата и каде целокупните постапки се водат по електронски пат.

Не треба да се занемари ниту информативната улога на новата технологија. Сите законски правила и прописи што се важни за нивните предмети, луѓето сега можат да ги најдат на интернет, а можат и да се информираат за трошоците на евентуалната судска постапка, да ги споредуваат хонорарите и другите трошоци и да ги пронајдат најдобро специјализираните и најевтините адвокати.

Кривично правниот систем се менува со сигурност. Тука не станува збор само за технологијата. Глобализацијата и сиромаштијата, исто така, влијаат врз овие промени. Покрај правосудниот систем, ефектите се видливи и кај адвокатската професија. Сите веќе посочени фактори, дополнети со неопходноста за специјализација и соработка, диктираат промени и кај адвокатската професија. Ние, адвокатите, мора да се менуваме. Мора да бидеме модерни, иновативни и корисни.

Како адвокати, секогаш ја имаме обврската да ги браниме основните права на луѓето и особено нивното право на пристап до правда.

Адвокатите мораат да бидат присутни во иднината на правдата, сега.

Панагиотис Перакис, Претседател на Комисијата на ССВЕ за пристап кон правдата

## МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ ПОМЕЃУ ССВЕ И ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ВЛАДЕЕЊЕ

На состанокот на Постојаната комисија на ССВЕ одржан на 18 март, ССВЕ и ABA ROLI потпишаа спогодба за соработка помеѓу овие две организации во давањето поддршка за бегалците и обезбедување правни практичари што би им нуделе помош. Овој проект за соработка опфаќа две главни области: прво, платформа за нудење правни совети во форма на текстуални пораки, која веќе е развиена и функционира во Турција, а која би можела да се прошири, со вклучување на други држави. Второ, поддршка за оние што нудат правна помош за бегалците што се движат по Западно Балканската рута од Турција кон ЕУ, помагајќи им да се уверат дека бегалците ги знаат своите права согласно меѓународното право и националните законодавства, за да можат безбедно и законски да минат низ Балканот; градење на капацитетите на локалните власти што доаѓаат во директен контакт со бегалците, за да можат на соодветен и законски начин да постапат во таквата кризна ситуација; и јакнење на јавната свест во рамки на локалните заедници за прашањата поврзани со бегалците. ABA ROLI е меѓународна развојна програма која работи на унапредувањето на владеењето на правото, преку соработка со националните партнери за градење на одржливи институции и општества кои гарантираат правда, економски можности и почит за дигнитетот на луѓето. Улогата на ABA ROLI пред Постојаната комисија ја претставија двајца нејзини претставници: Ангела Конвеј (Angela Conway) и Елизабет Гивенс (Elizabeth Givens).



Претставникот на ABA ROLI Ангела Конвеј и Претседателот на ССВЕ Мишел Беничоу во моментот на потпишување на спогодбата.

## ИНТИГАМ АЛИЕВ ПУШТЕН НА СЛОБОДА

ССВЕ со големо задоволство ја пречека веста за пуштање на слобода на борецот и адвокат за човекови права Интигам Алиев на 28 март 2016 година.

На состанокот на Постојаната комисија на ССВЕ одржан во февруари во Виена, на г-дин Алиев му беше доделена Наградата за човекови права на ССВЕ за 2015 година, во присуство на неговиот син и ќерка, кои ја примија наградата во негово име.

## ЕВРОПСКИ ДЕН НА АДВОКАТУРАТА

За овогодишната прослава на Европскиот ден на адвокатурата, CCBE ја предлага централната тема “Пристап до правдата”. Пристапот до правда е навистина прашањето што предизвикува најголема загриженост во адвокатската професија и претставува суштински дел на нејзината основна мисија. Оваа тема овозможува локално толкување на едно универзално начело. Сепак, имајќи предвид дека се претпочита заедничко делување во европски рамки, предлагаме акцентот да се стави врз темите на правна помош и пристап до адвокат. Навистина, неодамнешните случувања во сферата на правната помош претставуваат доволна причина за дискусија меѓу сите нас на оваа тема. Уште повеќе, крајниот рок за имплементација на Директивата 2013/48 за правото на пристап до адвокат истекува во месец ноември 2016 година, што е доволна причина за потенцирање на потребата од една ваква процесна заштитна мерка.

**Во следните неколку месеци ќе добиете дополнителни информации во врска со прославата на Европскиот ден на адвокатурата за 2016 година.**

## ПРОЕКТ НА МЕСЕЦОТ НА ЕВРОПСКАТА АДВОКАТСКА ФОНДАЦИЈА: УКРАИНА

Европската адвокатска фондација учествуваше во проект за подобрување на адвокатските услуги во Украина, опфаќајќи ги темите на професионална обука на адвокатите во Украина, правото на застапување и можноста за воведување професионално осигурување за адвокатите. Проектот беше финансиран преку Меѓународната адвокатска комора и спроведен во соработка со CCBE и националната Адвокатска комора на Украина (UNBA). Проектот беше поделен во три фази: во текот на фазата 1, група на европски адвокати оствари посета на Киев и се сретна со тамошните релевантни чинители како што се UNBA и Министерството за правда на Украина. Во фазата 2, акцентот беше ставен врз одржаната конференција во Киев, во јуни 2015 година. Присутните адвокати и експерти дискутираа за повеќе различни прашања, од важност за украинските адвокати и правници. Конечно, фазата 3 значеше изработка на извештај во однос на содржината на самата конференција, вклучувајќи и препораки за подобрување на квалитетот на правните услуги во Украина. **Извештајот беше завршен во февруари 2016 и истиот можете да го погледнете** [на следнава интернет адреса.]

## ПРОЦЕСНИ ЗАШТИТНИ МЕРКИ ВО КРИВИЧНИТЕ ПОСТАПКИ

CCBE, заедно со Европската адвокатска фондација започнува со сеопфатна анализа, од гледна точка на адвокатите на одбрана, на имплементацијата на национално ниво на следниве директиви за процесни заштитни мерки во кривичните постапки: правото на толкување и преведување (Директива 2010/64); правото на информации (Директива 2012/13); правото на пристап до адвокат и правото за информирање на трето лице по лишувањето од слобода и за комуникација со трети лица и дипломатско конзуларните власти додека лицето е лишено од слобода (Директива 2013/48).

Проектот започна со реализација во месец април 2015 година, а “почетниот” состанок се одржа на 24 јуни, во присуство на националните експерти, назначени кај CCBE од страна на националните делегации. Претставниците од Комисијата исто така беа присутни и учествуваа на состанокот. Во период од три месеци, експертите пополнија три сеопфатни прашалници. Потоа, на 29 јануари, се одржа уште еден состанок со националните експерти и претставниците од Комисијата и Агенцијата за основни човекови права. Конечниот извештај беше усвоен од страна на делегациите при CCBE на 18 март.

## КОНСУЛТАЦИИ ВО ВРСКА СО ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА CCBE

Легитимацијата на CCBE беше создадена во 1978 година. Легитимацијата носи одредени погодности на национално и меѓудржавно ниво. Истата може да послужи за полесен пристап на адвокатите до судовите и другите институции во нивните земји или во странство, затоа што преку истата, сопственикот се идентификува како лиценциран адвокат во една од државите членки. Оваа легитимација е целосно призната и од страна на Европскиот суд за правда и Општиот суд. CCBE врши консултации со своите членови за да ги добие нивните мислења и идеи во однос на иднината на легитимацијата, за истата и во иднина да биде ефективна и да има практична и дополнителна вредност.

## ГЕНЕРАЛЕН КОНГРЕС НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА ЕВРОПСКИ АДВОКАТСКИ КОМОРИ

Генералниот конгрес на Федерацијата на европски адвокатски комори под наслов “Адвокатот во дијалог со Европскиот суд за човекови права” ќе се одржи во Стразбур, од 12 до 14 мај 2016 година, во Главната судска сала (Grande Salle d›Audience) на ЕСЧП.

**Повеќе информации за настанот можете да добиете на** www.fbe.org.

**За онлајн регистрација, ве молиме следете го** следниов линк.

## СОСТАНОК НА ПОСТОЈАНАТА КОМИСИЈА НА CCBE ВО МАРТ




Г-дин Жан-Рејмонд Лемер се обраќа пред Постојаната комисија.

На 18 март, Постојаната комисија на CCBE им посака добредојде на двајца гости говорници. Најпрво, г-дин Жан-Рејмонд Лемер, во својство на Претседател на Европскиот институт за експертиза и експерти, кој презентираше еден нов проект на ЕУ во врска со подготовката на контакт именик на за европските експерти, кој би можел да доведе до соработка помеѓу CCBE и Институтот. Втората гостинка беше г-ѓа Лидија Изовитова, во својство на Претседател на националната Адвокатска комора на Украина и лидер на новото застапничко здружение на адвокатите во Украина, која побара поддршка од CCBE во заштитата на адвокатските права во Украина.



Г-ѓа Лидија Изовитова му дава на г-дин Мишел Беничоу подарок од Украина.

## РАМНОТЕЖА ПОМЕЃУ ПРИВАТНИОТ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ЖИВОТ: ТЕМА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА 7 ЕВРОПСКИ АДВОКАТСКИ КОМОРИ И ПРАВНИЧКИ

Европската набљудувачка работна група се сретна на 4 март во Париз, со присуство на претставникот од Република Чешка, кој одговори позитивно на поканата што беше испратена во месец јануари. Овој состанок беше добра можност за дефинирање на конечните детали околу проектот Рамнотежата помеѓу приватниот и професионалниот живот во адвокатската професија што треба да започне во април. Истиот ќе се реализира во соработка со адвокатската комора во Германија, австриската комора, адвокатските комори од францускoто и германското говорно подрачје во Белгија (Avocats.be), како и со адвокатските комори во Франција, Луксембург и со мало задоцнување во Шпанија. За оваа прва студија, Работната група одлучи акцентот да биде ставен врз најголемите грижи на новите професионалци, без разлика дали се работи за мажи или жени. Токму поради тоа, Работната група продолжи да ги развива своите активности без да ја напушти својата основна цел: обезбедување опсежни, детални и веродостојни статистички податоци за потребите на второто издание на "Статистичката книга", кое треба да излезе во мај. Следниот состанок ќе се одржи на 27 мај во Брисел. Ги молиме делегациите што би сакале да присуствуваат да контактираат со канцеларијата на Observatoire du Conseil national des barreaux (observatoire@cnb.avocat.fr).

**Податоците од последната студија можете да ги погледнете на следнава** интернет адреса.

## НЕОДАМНА УСВОЕНИ ДОКУМЕНТИ:

Став и мислење на CCBE во врска со договорните правила за онлајн набавка на стоки и дигитални содржини (COM (2015) 634 и 635)

Документ за ставот на CCBE во однос на Проектот за пресуди, во врска со законската надлежност и признавањето и извршувањето на пресудите во граѓански и стопански предмети (Број 2)

## СЛЕДНИ НАСТАНИ:

**12-14/05** *Генерален конгрес на Федерацијата на европски адвокатски комори (FBE), Стразбур*

**20/05** *Пленарна сесија на CCBE, Лион*